0100600011
ВРСКИ СО ЈАВНОСТ / ITH
28 MARS 2013
N° 0244

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/2004, 115/2007 и 18/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.07.2011 година, донесе

ОДЛУКА

за прогласување на духовното културно добро „Х"дерлез кај Турците во Република Македонија" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

Член 1

Духовното културно добро „Х"дерлез кај Турците во Република Македонија" се прогласува за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење.

Духовното културно добро „Х"дерлез кај Турците во Република Македонија" ги опфаќа празнувањето на празникот Ѓурѓовден (06 мај) кој пак припаѓа на циклусот пролетни обредно – обичајни комплекси. Празанувањата на Х"дерлез кај Турците во Република Македонија се многу поархаични и се поврзуваат со различни историски периоди и култури кои интерактивно влијаеле на турската популација во Македонија.

Во структурата на духовното културно добро „Х"дерлез кај Турците во Република Македонија" со својата посебност се издвојуваат три културни слоја: архаични предисламски елементи со потекло во митолошките претстави; исламски елементи во празнувањето на Х"дерлез кај Турците во Република Македонија и современи појави кои коегзистираат со традиционалната обредна пракса.

За културното наследство од став 1 на овој член се утврдува режим на заштита од прв степен.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-3611/9
19 јули 2011 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

д-р Васко Наумовски

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/2004, 115/2007 и 18/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.07.2011 година, донесе

О Д Л У К А

за прогласување на духовното културно добро „Ѓурѓовден кај Власите во Република Македонија" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

Член 1

Духовното културно добро "Ѓурѓовден кај Власите во Република Македонија" се прогласува за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење.

Духовното културно добро "Ѓурѓовден кај Власите во Република Македонија" ги опфаќа празнувањата на празникот Ѓурѓовден (06 Мај) како дел од циклусот пролетни обредно-обичајни комплекси. Етимолошки празникот и празнувањата се поврзуваат со светецот великомаченик Георгија (Ѓорѓи) кој живеел кон крајот на III и почетокот на IV век, иако празнувањата се поврзуваат и со предхристијанските обредно-магиски постапки за одбележување на култот кон природата, вегетацијата и плодноста на стоката.

Во структурата на духовното културно добро "Ѓурѓовден кај Власите во Република Македонија" со својата посебност се издвојуваат следниве обичаи:

- жртвување на јагне; групно берење билки; плетење на "магичен" волнен гајтан; китење на садовите во кои се обработува млекото; обредно закрмување на стоката и др.

За духовното културно добро од став 1 на овој член се утврдува режим на заштита од прв степен.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-3611/10
19 јули 2011 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

д-р Васко Наумовски

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/2004; 115/2007 и 18/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.07.2011 година, донесе

ОДЛУКА

за прогласување на духовното културно добро „Ѓурѓовден кај Албанците во Република Македонија" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

Член 1

Духовното културно добро „Ѓурѓовден кај Албанците во Република Македонија" се прогласува за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење.

Духовното културно добро „Ѓурѓовден кај Албанците во Република Македонија" ги опфаќа празнувањата на празникот Ѓурѓовден (06 Мај) кој припаѓа на циклусот пролетни обредно-обичајни комплекси.

Празнувањата на духовното културно добро „Ѓурѓовден кај Албанците во Република Македонија" го симболизираат преминот зима-лето и почетокот на новата стопанска година, преку архаични обредно-магиски постапки поврзани со искажување почит кон култот кон природата.

Во структурата на духовното културно добро „Ѓурѓовден кај Албанците во Република Македонија" со својата посебност се издвојуваат: обредното време, обредниот простор, обредните лица, обредните објекти и посебната терминологија.

За духовното културно добро од став 1 на овој член се утврдува режим на заштита од прв степен.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-3611/13
19 јули 2011 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

д-р Васко Наумовски

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/2004; 115/2007 и 18/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.07. 2011 година, донесе

ОДЛУКА

за прогласување на духовното културно добро „Ѓурѓовден кај Македонците во Република Македонија" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

Член 1

Духовното културно добро „Ѓурѓовден кај Македонците во Република Македонија" се прогалсува за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење.

Духовното културно добро „Ѓурѓовден кај Македонците во Република Македонија" ги опфаќа празнувањата на празникот Ѓурѓовден (06 Мај) кој припаѓа на циклусот пролетни обредно-обичајни комплекси. Етимолошки празникот и празнувањата се поврзуваат со светецот великомаченик Георгија (Ѓорѓи) кој живеел кон крајот на III и почетокот на IV век, иако празнувањата инкорпорираат и поархаични предхристијански обредно-магиски постапки за одбележување на култот кон природата, вегетацијата и плодноста на стоката.

Во структурата на духовното културно добро „Ѓурѓовден кај Македонците во Република Македонија" се пронаоѓаат неколку групи обичаи:

-обичаи во врска со вегетацијата;
-обичаи во врска со добитокот;
-обичаи во врска со култови на диви животни;
-обичаи во врска со култот кон почеток на новата годишна сезона;
-обичаи со елементи на црна магија;
-обичаи во врска со култот на Св.Ѓорѓи.

За духовното културно добро од став 1 на овој член се утврдува режим на заштита од прв степен.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-3611/12
19 јули 2011 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

д-р Вреско Наумовски

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/2004; 115/2007 и 18/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.07.2011 година, донесе

ОДЛУКА

за прогласување на духовното културно добро „Ѓурѓовден кај Ромите во Република Македонија" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

Член 1

Духовното културно добро „Ѓурѓовден кај Ромите во Република Македонија" се прогласува за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење.

Духовното културно добро „Ѓурѓовден кај Ромите во Република Македонија" ги опфаќа празнувањата на празникот Ѓурѓовден или кај ромите Ерделези (од 05-09 Мај) кој пак припаѓа на циклусот пролетни обредно-обичајни комплекси. Етимолошки празникот и празнувањата се поврзуваат со светецот великомаченик Георгија (Ѓорѓи) кој живеел кон крајот на III и почетокот на IV век, иако празнувањата се многу поархаични и се поврзуваат со предхристијанските обредно-магиски постапки за одбележување на култот кон природата, вегетацијата и плодноста на стоката.

Во структурата на духовното културно добро „Ѓурѓовден кај Ромите во Република Македонија" со својата посебност се издвојуваат следниве обичаи:

-шутло пај (одење кај света.кисела вода), обредно играње; обредни верувања, песни и сл. жртвување на јагне; прочистување и китење на домот, обредно бањање со цветови, семејно прославување и сл.

За духовното културно добро од став 1 на овој член се утврдува режим на заштита од прв степен.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-3611/1 1
19 јули 2011 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

д-р Васко Наумовски